**Информација за остварените приходи од продажба во сегмент фармација за период 01.01. - 30.06. 2024 година**

Во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024, друштвото Реплек АД реализираше вкупни приходи од продажба од 835 милиони денари (*13.6 милион евра*) и истите претставуваат 20% раст во однос на истиот период во 2023.

Според последните предвидувања за 2024, на ниво на година очекуваните приходи од продажба остануваат на ниво на објавениот Финансиски план и се очекува вкупна продажба од 31 милион евра за цела година или 23.5% золемени приходи од продажби во однос на 2023.




**Приходите од продажба по географски сегменти**:

По географски сегменти, поделбата помеѓу странски и домашен пазар е прикажан во продолжение:

***Приходите од продажба на странските пазари***

Приходите од продажба на странските пазари изнесуваат 652.2 милиони денари (10.6 милиони евра) истите се зголемени за 15% во однос на истиот период во 2023.



По региони, продажбите во прво полугодие 2024 во однос на прво полугодие 2023 се прикажани во табелата подолу:

| **Приходи од продажба '000 МКД** | **2023** | **2024** | **промена %** |
|---|---|---|---|
| ЗНД | 326,401 | 397,034 | 22% |
| Африка и Близок Исток | 89,744 | 102,057 | 14% |
| Југоисточна Европа | 96,961 | 105,206 | 8% |
| Југоисточна Азија | 5,599 | 23,817 | 25% |
| ЕУ | 48,896 | 24,128 | -49% |
| **Вкупно** | 567,601 | 652,242 | 15% |

***Приходите од продажба на домашен пазар***

- Приходите од продажба на домашен пазар изнесуваат 182 милиони денари (*2.97 милиони евра*) истите се зголемени за 46% во однос на истиот период во 2023.

